**АГРОКУМАНОВО АД**
**Бр. 02 - 232/1**
**22. 07. 2015 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 390 од Законот за трговските друштва и чл.36, чл. 65 ст.3 т.2 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, во врска со Барањето за вклучување на нови точки од дневен ред со предлог одлуки на свиканото вонредно Собрание на акционери, објавено во весникот Вечер од 10.07.2015 год., Одборот на директори на Друштвото на 22.07.2015 год. донесе:

# О Д Л У К А

## за објавување на ревидиран дневен ред со повикот за учество на вонредно Собрание на акционери на АГРОКУМАНОВО АД Куманово

**I.** За свиканата седница на вонредно Собрание на акционери на 31. Јули 2015 год. /петок/, со почеток во 13,00 часот, во седиштето на Друштвото ул. "Индустриска " бб Куманово, да се објави повторно јавен повик со следниов ревидиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

**Процедурален дел**

**1. Избор на претседавач и бројачи на гласови на Собранието;**
**2. Усвојување на дневен ред.**

**Работен дел**

**1. Донесување на одлука за одобрување на голема зделка за отуѓување на недвижен имот со продажба на деловен простор сопственост на Друштвото, и тоа: - Деловен простор во Скопје, на ул. Јане Сандански бр.67/мезанин, КП. 841, згр. 1, вл.1, МЕ, со површина од 108 м$^2$ според Имотен лист бр.6625 за КО Кисела Вода 2;**

**- Деловен простор во Куманово, на ул. Теофан Економов бб, трговски центар нас. Гоце Делчев, КП. 25004, згр.1, вл.7, ПР, со површина од 64 м$^2$ според Имотен лист бр.21724 за КО Куманово.**

**2. Донесување на одлука за намалување на основната главнина со повлекување на сопствени акции;**
**3. Донесување на одлука за поништување на сопствени акции;**
**4. Донесување на одлука за промена на број на седиште на Друштвото; и**
**5. Донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото.**

**II.** Јавниот повик за свиканата седницата на вонредното Собрание на акционери на Друштвото со ревидиран дневен ред повторно да се објави на половина страница од еден дневен весник и на интернет страница на Друштвото, согласно со Законот за трговските друштва.

**III.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Сектори / Подружници, Архива,
и Македонска берза на хартиите од вредност АД Скопје.

**Одбор на директори**
**Претседател**

**Анита Тодоровска**

**Заменик Претседател**

**Тони Каранфиловски**